

# ДИЈАНА ТОМИЌ РАДЕВСКА

# DIJANA TOMICH RADEVSKA

## МАЈСКИ ИЗЛОЖБИ НА МЛАДИ '92

## MAY EXHIBITIONS OF YOUNG ARTISTS '92

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА СКОПЈЕ
ДАУТ ПАШИН АМАМ
7 – 24 МАЈ 1992
СКОПЈЕ

ART GALLERY SKOPJE
DAUT PASHIN AMAM
MAY 7 – 24 1992
SKOPJE



## ДИЈАНА ТОМИЌ РАДЕВСКА

Родена е 10.II,1961 год. во Скопје, Факултет за ликовни уметности (оддел Графика и графички дизајн) во класата на проф. Драгутин Аврамовски – Гуте, завршила 1984 год. во Скопје. Член на ДЛУМ од 1985 год.
Адреса: ул. „Народен фронт", 5, BII/57, 91000 Скопје, тел. 206-332

## DIJANA TOMICH RADEVSKA

Born on February 10,1961 in Skopje. Graduated at the Faculty of Fine Arts (graphic and graphic design) under professor Dragutin Avramovski-Gute 1984 in Skopje.
Member of DLUM (Macedonian Association of Fine Artists) since 1985.
Addres: ul „Naroden Front", 5, B II/57 Skopje, tel: 206-332

**Самостојни изложби**
**One-man exhibitions**

1985 – Охрид, Дом на култура „Григор Прличев" (со групата „Круг")
– Гевгелија, Ликовна галерија „Митко Зафировски" (со групата „Круг")
1988 – Скопје, Стопанска банка, Изложба по повод 8-ми Март (со Е. Аврамовска)

**Групни изложби**
**Group exhibitions**

1982/83/84 – Белград, I и II Биенале на студентска графика
1982 – Скопје, Изложба посветена на 90 годишнината од раѓањето на Ј.Б.Тито
1984 – Сараево, Изложба на графики на студенти од југословенските ликовни академии
– Скопје, Фоаје на МНТ, Прва генерација дипломирани студенти на ФЛУ во Скопје
1986 – Скопје, Салон на ДЛУМ и ДЛУПУМ, Климент и словенските просветители
– Скопје, Музеј на современата уметност, Аквизиции VI
1987 – Скопје, Салон на ДЛУМ и ДЛУПУМ, Изложба на дипломирани студенти на ФЛУ во Скопје
1988 – Белград, Дом на ЈНА, Изложба посветена на ЈНА
1989 – Скопје, Салон на ФЛУ, Изложба на жени уметници
– Скопје, Салон на ДЛУМ и ДЛУПУМ, Дипломирани студенти на ФЛУ Скопје
– Скопје, Музеј на современата уметност, Биенале на млади
– Горњи Милановац, Завичајни музеј, Прво биенале на мал формат
1990 – Скопје, Музеј на гр. Скопје, Соборен храм на Православна црква Св. Климент Охридски (изработка на идејно решение за теписи)
1991 – Скопје, Музеј на современата уметност, Биенале на млади
1992 – Скопје, Уметничка галерија, I Зимски салон на ДЛУМ

Од 1985 до 1990, Скопје, Годишни изложби на ДЛУМ во Уметничка галерија
Од 1985 до 1991, Скопје, НУБ „Климент Охридски", Графички изложби на ДЛУМ
Од 1985 до 1989, Скопје, НУБ „Климент Охридски", ДЛУМ-ЦРТЕЖ
Од 1985 до 1988, Скопје, Културно-информативен центар, Сликарство мал формат

## „УНИКАТНО ПЕЧАТЕНИТЕ СЛИКИ" – МОНОТИПИИТЕ НА ДИЈАНА ТОМИЌ

Делата на еден автор претставуваат контемплативен труд. Уметникот е составен дел на делото кое го создава. Тој во него внесува „енергија" која ја поседува. Делото ја апсорбира таа енергија и потоа ја враќа назад. Авторот се бори до крај да ја оствари својата идеја.

Изложба, за еден уметник е нешто што претставува потврдување или пред се самопотврдување за „правиот пат по кој чекори". Во тој момент творецот го заокружува сето она што

во последниот период го размислувал, односно создавал. Освен откривањето на „правиот пат“, сега можеби е можност да се решат некои дилеми, проблеми и создадат нови идеи. Изложбата е битен двигател на неговиот креативен дух, чекор нов за понатаму.

Дијана Томиќ-Радевска, припаѓа на првата генерација дипломирани академски графичари на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Таа влезе во првата „широка фаланга“ на уметници на новиот ликовен бран во македонската култура.

Скоро на самиот почеток на нејзината уметничка кариера, таа се „наметна во самото јадро“ на квалитетно графичко творештво. Со графичките листови (монотипии со вметнување на линорез тех.) Дијана Томиќ ја демонстрира сопствената мајсторска супериорност. Таа открива потреба за сликовна интерпретација на сопствениот свет, како и размислувања за некои познати теми од историјата на уметноста.

Од психомоторичните, па низ графичките траги авторот создава дела таканаречени „психолошки импровизации“. Енергичниот сплет на потези (брзи, бавни, колебливи) добро вклопени го овозможуваат сериозниот „декор“ на графичкото дело. Секое поле е повеќе пати пресечено со широки впечатливи вертикални (некаде коси, и хоризонтални) ленти со непрозирна црна (негде темно-црвена и сино-кобалт) боја. Функцијата на широките ленти е да го активираат полето а движењето кон вертикалата евоцира тежнеење кон возвишеното.

Кај графиките на Д. Томиќ најзабележителен е широкиот енергичен потег, и големата оркестрација на површини. Емотивна, темпераментна и вдахновена како да сака да ги зграби моментите кои минуваат, исчезнуваат.

За разлика од претходната фаза (фигуративна во тех. линорез), новите идеи и желбата за истражување, авторот ги искористува во апстракцијата како правец за послободно експериментирање, и како можност за поголема флексибилност во изработката на графичките листови. Кон вкупниот впечаток принесува и самата графичка техника-монотипијата. Таа претставува единствен и целосно остварен уметнички израз. Едноставна за изработка (директно сликање на цинканата плоча) и што е многу значајно не ј дозволува можноста за идентично репродуцирање (монотипија – еден отпечаток). Некои ја нарекуваат и „уникатно печатена слика“. Исто така оваа техника не дозволува минуциозна претенциозност туку самостојност, рутинерство и сувереност во обработката на плочата.

Делата на Дијана Томиќ, покрај апстрактните содржат и експресивни карактеристики а преку употребата на контрастни бои се создава чувство на „вознемирен внатрешен свет“. Бојата и потегот во композицијата се воедно елегично-поетски и експресивни. Тие се дводимензионални фикции со сензитивна непосредност.

Овие мисловни творби се сосема доволни да ни ја предочат зрелоста на ликовно-графичкиот израз, а воедно и убедливоста на оваа авторска појава и на нејзиниот непосреден креативен придонес во македонскиот уметничко-графички круг.

Мирјана Талеска

## „THE SINGLE PRINT PAINTINGS“ – MONOTYPES OF DIANA TOMICH

The works of artists present a contemplative effort. The artist is an integral part of the very piece of work that has created. The artist builds in it his or her inner energy. The work absorbes that energy and sends it back. The artist fights to the end for the accomplishement of his ideas.

An exibition for a painter means confirmation and above all confirmation for himself to walk on the right way. That is the moment when the creator completes all of his reflections or works of the latest period of time. Apart form the discovery of the „the right way“, this is the time for certain dilemmas or probelems to be solved and new ideas to emerge. The exibition is the driving force of the creative spirit for further steps forward.

Daiana Tomich – Radevska belongs to the first generation of graduated graphics artists at the Faculty of Fine Arts in Skopje. She enetered the first phalanx of artists that form the new artistic trend of Macedonian culture.

Almost at the beginning of her career she became a part of the core of first class graphic artists. The graphic sheets /monotypes and isert of lino-cut technic/ demonstrate her prime mastery. She reveals thrugh them her inner need for artistic interpretation of her own world and meditation on some themes that are wellknown to history of art. The psyche drives lead to graphic traces that give a result of psyhological improvisation. The energetically done lace of strokes /quick, slow or hesitant/ are very well combined and thus create a serious decor of the graphic work. Each field is cut several times with wide and impressive verticals /in some places acute or horizontal lines/, strips of opaque black and some times dark red or cobalt blue. The function of these strips is to make the field look active, while the vertical moves evoke tendency to elevation. The most impressive matter about the graphics of Diana Tomich is her wide, energetic stroke with a large symphony of surfaces. She is emotional, temperamental, isnpired and seems to grab the passing, disappearing moments. Unlike her previous phase /figurative with lino-cut technic/ the new ideas and eagerness for research are applied in abstraction because it enables a more independent experiment and greater flexibility during the process of work on the graphic sheet. The entire impression of her works is determined by the very graphic technic – monotype. It presents a unique and fully accomplished artistic expression. It is simple to be manufactured /direct painting on a zinc plate/ and does not allow indentical reproduction /monotype means a single print painting/. This technic does not allow minute pretensiosness but it shows her independent spirit, skillfulness and sovereignty in the work on the plate. The works of Diana Tomich possess characteristics of expressionism besides the abstract ones and the use of contrast colors creates a sense od disturbed inner world. The color and strokes in the composition are in the same time elegiac, poetic and expressive. They are two-dimensional fiction with sensitive frankness. These reflexive works are sufficient proofs of the maturity of the artistic expression and in the same time proofs of the credibility of this artistic personality. They show her direct creative contribution to the Macedonian graphic art cicle.

Mirjana Taleska

Translated by Žaneta Stanoevska



ЛЕГЕНДА IV, 1992

Спонзори: УНИКОМЕРЦ – СКОПЈЕ SAT – TRADE – СКОПЈЕ

## КАТАЛОГ
## CATALOGUE
### ГРАФИКИ
### GRAPHICS

1. **СТРУКТУРИ I, 1991**
   комб. тех. 69x48 (49,5x32,5)
   сигн.д.EXP/A, Структури I, 91, комб.тех.
   Tomić Dijana
2. **СТРУКТУРИ II, 1991**
   комб.тех.69x48 (49,5x32,5)
   сигн.д.EXP/A Структури II, '91 комб.тех.
   Tomić Dijana
3. **ПОРТРЕТ, 1992**
   монотипија, 58x88 (48x65)
   сигн.д. Е/А Портрет, монотипија, 92
   Дијана Томиќ Радевска
4. **НЕШТО ПРОМЕНЛИВО I, 1992**
   комб.тех. 58x88 (48x65)
   сигн.д.Е/А, комб.тех. 92, Нешто променливо, Tomić Dijana
5. **НЕШТО ПРОМЕНЛИВО II, 1992**
   комб.тех.58x88 (48x65)
   сигн.д.Е/А комб.тех. 92, „Нешто променливо" Tomić Dijana
6. **ДВИЖЕЊЕ, 1992**
   монотипија, 58x88 (48x65)
   синг.д.Е/А, монотипија 92, Движење,
   Дијана Томиќ Радевска
7. **ДВИЖЕЊЕ II, 1992**
   монотипија, 58x88 (48x65)
   синг.д.Е/А монотипија, 92 Движење II,
   Дијана Томиќ Радевска
8. **ИМАГИНАЦИИ, 1992**
   комб.тех. 69x48 (50x40)
   сигн.д.Е/А, комб. тех '92 Имагинации, Tomić
   Dijana
9. **ПОГЛЕДИ, 1992**
   монотипија, 69x48 (50x40)
   сигн.д.Е/А монотипија, 92 Погледи, Tomić
   Dijana
10. **КОБАЛТ, 1992**
    монотипија, 69x48 (50x40)
    синг.д.Е/А, монотипија, 92, Кобалт,
    Дијана Томиќ Радевска
11. **КОБАЛТ II, 1992**
    монотипија, 69x48 (50x40)
    синг.д.монотипија, 92, Кобалт, Дијана
    Томиќ Радевска
12. **ЗАМИСЛИ!, 1992**
    монотипија, 69x48 (50x40)
    синг.д.Е/А, комб.тех.92, Замисли!, Tomić
    Dijana
13. **ЛЕГЕНДА, 1992**
    комб.тех.69x48 (50x40)
    сигн.д.Е/А комб.тех.92, Легенда, Tomić
    Dijana
14. **ПРОЗОРЕЦ, 1992**
    монотипија, 69x48 (50x40)
    сигн.д.Е/А монотипија 92, Прозорец,
    Tomić Dijana
15. **ПОРТА, 1992**
    монотипија, 69x48 (50x40)
    сигн.д.Е/А, монотипија, 92, Порта, Tomić
    Dijana
16. **ЛЕГЕНДА II, 1992**
    комб.тех.60x48 (20x50)
    сигн.EXP/A, комб.тех.Легенда II, 92,Tomić
    Dijana
17. **ЛЕГЕНДА III, 1992**
    комб.тех.69x48 (20x50)
    синг.д.EXP/A, комб.тех.92 Легенда III,
    Tomić Dijana
18. **ИГРИ, 1992**
    комб.тех.54x74 (48x65)
    сигн.д.EXP/A, комб.тех.92 „Игри", Дијана
    Томиќ Радевска
19. **ЛЕГЕНДА IV, 1992**
    комб.тех.54x74 (48x65)
    сигн.д.EXP/A, комб.тех.92, Легенда IV,
    Дијана Томиќ Радевска
20. **ЛЕГЕНДА V, 1992**
    комб.тех.54x74 (48x65)
    сигн.д.Е/А комб.тех.92 Легенда V, Дијана
    Томиќ Радевска
21. **ПОДЕЛБИ, 1992**
    комб.тех.54x74 (48x65)
    сигн.д.Е/А комб.тех. 92, Поделби, Дијана
    Томиќ Радевска
22. **ИГРИ III, 1992**
    комб.тех.46x68 (30x50)
    сигн.д.Е/А комб.тех.92 Игри III, Dijana
    Tomić
23. **АКЦИЈА, 1992**
    комб.тех.46x68 (24x19)
    сигн.д.Е/А, комб.тех.92 Акција, Tomić
    Dijana
    **ВО АКЦИЈА, 1992**
    комб.тех.46x68 (24x19)
    сигн.д.Е/А, комб.тех.92 Во акција, Tomić
    Dijana

ИЗДАВАЧ:

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА – СКОПЈЕ; ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: ДРАГАН БОШНАКОСКИ; ОРГАНИЗАЦИЈА НА ИЗЛОЖБАТА, ПРЕДГОВОР, БИОГРАФИЈА, ИЗЛОЖБИ: МИРЈАНА ТАЛЕСКА; ПРЕВОД НА АНГЛИСКИ: ЖАНЕТА СТАНОЕВСКА (ПРЕДГОВОР) И МЕНКА КАРАПАШОВСКА (БИОГРАФИЈА) ЛЕКТУРА: БИЛЈАНА МАЛЕНКО ФОТОГРАФИИ: ЃОРЃИ ТРИЧКОВСКИ; ЛИКОВНО ОБЛИКУВАЊЕ: КОЉО МИШЕВ; ПЕЧАТ: НИПРО „НОВА МАКЕДОНИЈА" ТИРАЖ: 400

ART
GALLERY – SKOPJE EDITOR IN CHIEF: DRAGAN DOSHNAKOSKI ORGANIZATION OF THE EXHIBITION, FOREWARD, BIOGRAPHY, EXHIBITIONS: MIRJANA TLAESKA TRANSLATED INTO ENGLISH BY: ŽANETA STANOEVSKA (FOREWARD) AND MENKA KARAPASHOVSKA PROOFREADER: BILJANA MALENKO PHOTOGRAPHS: GEORGI TRICHKOVSKI LAY – OUT: KOLJO MISHEV PRINTED BY: „NOVA MAKEDONIJA: 400 COPIES

II МАЈСКИ ИЗЛОЖБИ НА МЛАДИ 5-24.5.'92 ЗОРАН МАЛИНОВСКИ, 6-24.5.'92 ДЕНКО МАТЕВСКИ И 7-24.5.'92 ДИЈАНА ТОМИЌ



ПОРТРЕТ, 1992